# ФИЛИП ФИДАНОВСКИ

## ТРИЛОГИЈА
## ЛИКОВИ
## ЛУЃЕ

27.11.2019
СКОПЈЕ

УМЕТНИЧКИ ЦЕНТАР
ART HUB



katalog.indd 2 25. 11. 2019 01:08:55

Роден во Скопје 1977 година, Р.Македонија.

Дипломирал во 2002 година на оделот за керамика а магистрирал 2006 година на Националната уметничка академија во Софија, Бугарија.

Од 2003 до2008 година работел како доцент на Факултетот за ликовни уметности при универзитетот Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје.

Од 2008 година е професор во Државното средно училиште за ликовни уметности и дизајн „Лазар Личеноски“ во Скопје. Член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија - ДЛУМ од 2006 година и е негов актуелен претседател.

Од 1995 до денес учествувал на многу уметнички симпозиуми, колонии и групни изложби во Македонија, Србија, Бугарија, Хрватска, Чешка, Белгија, Египет Италија....

## Добитник е на следниве награди:

- 2000 - Трета награда за млад автор на Петтото интернационално биенале за керамика, Каиро, Египет (Бронзена плакета),

# БИО ГРА ФИ ЈА

katalog.indd 3 25. 11. 2019 01:08:55

- 2007 - Награда за скулптура „ЈОРДАН ГРАБУЛ" на ДЛУМ,
- 2015 - Награда за скулптура мал формат „ДИМО ТОДОРОВСКИ" – ДЛУМ,
- 2018 - Награда „КОНСТАНТИН МАЗЕВ" за мал формат од Културно информативен центар КИЦ – Скопје,
- 2018 - Награда за скулптура на ДЛУМ, Скопје.

## Самостојни изложби:

- 2002 - Скопје, Музеј на Град Скопје, Фестивал Скопско лето, Македонија,
- 2004 - Скопје, Културен центар „Точка", Мулти медијален проект, Македонија,
- 2004 - Скопје, Национална Галерија на Македонија, Чифте амам, (заедничка изложба со В. Осојнички и К. Џидров), Фестивал Скопско лето, Македонија,
- 2006 - Скопје, Музеј на Современата уметност, Македонија,
- 2007 - Софија, Културно информативен центар на Р. Македонија во Бугарија,
- 2009 - Кавадарци, Градска галерија, Дом на културата „Иван Мазов – Климе", Македонија,
- 2009 - Велес, Градска галерија, Музеј и завод на град Велес, Македонија,
- 2009 - Тетово, Уметничка галерија Тетово, Македонија

- 2009 - Белград, 15-ТО БИЕНАЛЕ НА КЕРАМИКА БЕЛГРАД, (гостување со самостојна изложба) Галерија КУЌА ЛЕГАТА, Белград, Србија,
- 2010 - Скопје, Галерија 8, Скопје, Македонија,
- 2013 - Скопје, Галерија „Лазар Личеноски“ при ДСУЛУД „Лазар Личеноски“ –Скопје, Македонија,
- 2016 - Скопје, Музеј на град Скопје, Македонија,
- 2017 - Скопје, ЕУ- инфо центар, Скопје, Македонија,
- 2018 - Скопје, Младински културен центар, Скопје, Македонија,
- 2019 - Скопје , „Арт Хуб“ уметнички центар – ДЛУМ , Скопје, Македонија.



## Контакт

Филип Фидановски
Ул. Наум Наумовски Борче 50/2-39
1000 скопје, Република Македонија
e-mail: f.fidanovski@yahoo.com
tel.+389 75 25 97 87

https://www.facebook.com/filip.fidanovski.ceramics.potery.art/

katalog.indd 5 25. 11. 2019 01:08:56

*Pauci viri veros amicos habent, et pauci sunt digni. Amicitia vera est praeclara, et omnia preclara sunt rara. Multi viri stulti de pecunia semper cogitant, pauci de amicis; sed errant: possumus valere sine multa pecunia, sed sine amicitia non valemus et vita est nihil.*

*Cicero, Laelius de Amicitia.*

*Малку луѓе имаат вистински пријатели, и малку се достојни. Вистинското пријателство е вредно, и сите такви работи се ретки. Многу од глупавите луѓе секогаш мислат на пари, а малку на пријателите. Но, тие грешат. Можеме да бидеме добри и без многу пари, но без пријатели ние не сме добри и животот ништо не вреди".*

*Цицерон, „Лајлиј за пријателството"*



# ВРЕ
# МЕ

# ЗА...

katalog.indd 7 25. 11. 2019 01:08:57

„Трилогија – Ликови/Луѓе“ ги обединува делата од циклусите „Време за...“, „Тајната вечера“ и „Дијалози во боја“ на македонскиот уметник Филип Фидановски.

„Време за...“, за прв пат изложено во Галерија 8 во 2010 година, се состои од 24 керамички плочки. Плочките се бели и на секоја од нив е отштампана портретна фотографија во црна боја. Плочките се поставени во форма на круг, на вертикална површина на ѕид, во чиј центар се наоѓаат стрелки на часовник. Дваесетичетирите плочки ги симболизираат часовите на денот. Сите портрети, освен тој на врвот - тоа е портретот на самиот уметник, се портрети на пријатели на Фидановски.

Каталогот на изложбата, без аналитички или воведен текст, но со репродукции од сите парчиња, го објаснува делото и концептот на уметникот. На насловната страна е фотографија на часовникот, но тука Фидановски ја превзема улогата на стрелките. Неговите раширени раце го означуваат времето на денот а воедно и ги поврзуваат ликовите.

Во каталогот, посебно, на секоја од дваесетичетирите страни, се репродурицирани ликовите од плочките, но сега заедно со по еден различен портрет (силуета) на уметникот. Врз црно белите портрети се отпечатени и 24 збора на англиски („You, A Book, Constructiveness, Health, Wine, A Design, A Trip, An Idea, Jewellery, Music, Theatres, Movies, A Talk, Coffee, An Occupation, Business, Museums, Exhibitions, Ceramics, Creation, A School, A Sagittarius, Paris и Love“)[1].По еден збор на секоја страна, секогаш различен, е отштампан со потемни букви, означувајќи ја темата на разговор помеѓу уметникот и пријателот.

---

1 „Ти, Книга, Конструктивност, Здравје, Вино, Дизајн, Патешествие, Идеа, Накит, Музика, Театри, Кина, Разговор, Кафе, Работа, Бизнис, Музеи, Изложби, Керамики, Креација, Училиште, Париз, Љубов„.

katalog.indd 8 25. 11. 2019 01:08:57

*„Ти,Книга, Конструктивност, Здравје, Вино, Дизајн,*
*ка, Театри, Кина,*



*Музеи, Изложби,*
*Стрелец, Париз,*
*ст, Здравје, Вино,*
*Накит, Музика,*
*Работа, Бизнис,*
*ација, Училиште,*
*“. „Ти,Книга,*
*Вино, Дизајн,*
*ка, Театри, Кина,*
*Музеи, Изложби,*
*релец,*

*Париз, Љубов“. „Ти,Книга, Конструктивност, Здравје, Вино, Дизајн, Патешествие, Идеа, Накит, Музика, Театри, Кина, Разговор, Кафе, Работа, Бизнис, Музеи, Изложби, Керамики, Креација,*



*еа,*
*јн,*
*на,*
*би,*
*из,*
*но,*
*ка,*
*ис,*
*те,*
*еа,*
*јн,*

*Патешествие, Идеа, Накит, Музика, Театри, Кина, Разговор, Кафе, Работа, Бизнис, Музеи, Изложби, Керамики, Креација, Училиште, Стрелец, Париз,*









katalog.indd 13 25. 11. 2019 01:08:59

„Тајната вечера“ е дело кое Фидановски го прикажа на истоимената изложба во галеријата на Училиштето за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“ во 2013 година. Слично како и „Време за...“ и овдека уметникот ја обработува истата тема: разговор со пријателите. На маса со темен чаршав наместени се дванаесет тањири. На секој од белите тањири е отшампана фотографија на некој од неговите пријатели. Еден од тањирите го носи неговиот лик.

Ана Мартиноска во текстот од каталогот на изложбата точно забележува дека бројката на тањирите кои го сочинуваат ова дело може да се поврзе со бројот на месеците во годината како и со знаците на зодијакот[2]. Меѓутоа, бројката, посебно поради насловот на делото, највеќе треба да се поврзе со христијанската традиција. Дванаесетте пријатели во „Тајната вечера“ и дванаесетте апостоли на Тајната вечера.

Вечерата на Фидановски можеби е тајна или последна, но на неговата маса нема есцајг, нема вино, нема гозба. Гозбата е разговорот, гозбата е дијалогот што ќе се води (?) или се водел (?). На таа маса, тањирите со ликовите на пријателите се замена за плочките со имиња на големите маси на кои се одлучува судбината на светот. Но, помеѓу дваесетичетирите англиски збора од претходното дело, зборот „Политика“ беше изоставен. Вечерата која Фидановски ни ја прикажува припаѓа на еден интимен свет во кој нема место за грди или зли работи.

2 Мартиноска, Ана, „Пресликување на душата“, *Тајната вечера*, кат. изл. Државно средно училиште за ликовна уметност и дизајн „Лазар Личеноски“, Скопје, 2013, стр. 2.



# ТАЈ НА ТА

# ВЕ ЧЕ РА

katalog.indd 15 25. 11. 2019 01:09:00















„Дијалози во боја“ е циклус на дела на кој Фидановски работеше последните неколку години и ова е првото прикажување на сите дела.
За разлика од претходните примери, кои беа монохроматски - црн принт врз бела керамика, овдека Фиданоски работи со племенити бои и со злато.
„Дијалози во боја“ го сочинуваат деветнаесет глави, човечки бисти. Некои од парчињата се глазирани со бела, некои се со црвена, а други пак со црна боја. И покрај тоа што основната форма на бистите е иста, се работи за портрет биста на уметникот – неговата глава е основниот модел, сите бисти се различни. На некои е отштампан лик на некоја друга личност.
Други бисти имаат само назначени очи, нос и уста, додека пак две отскокнуваат. Во нив уметникот со помош на цртеж и боја дава карактерни, лични, идентификувачки црти.
Ставајќи нечиј друг лик врз сопствената форма, Фидановски си игра со идентитетот. Тој не само што го препознава фактот дека личниот идентитетот е комплексен субјет составен од повеќе делови, меѓу кои спаѓа и интеракцијата со различни луѓе, туку во овие дела тој тоа и го потенцира.



# ДИЈАЛОЗИ ВО БОЈА

katalog.indd 21 25. 11. 2019 01:09:02









katalog.indd 24 25. 11. 2019 01:09:04

Делата што Фидановски ни ги прикажува на оваа изложба, посебно бистите од третиот циклус - „Дијалози во боја“, се на некој начин автобиографски. Автобиографијата има привилигиран статус во хиерархијата на дискурсите кои потекнуваат од западно-европскиот свет, а идејата дека уметничкото дело е начинот на кој се исповедаат личните „вистини“ ја завзема централната позиција во модерната уметничка теорија. Во таа теорија основниот однос на уметникот и делото, кое патем речено се раѓа во уметникот на еден мистериозен и таен начин (во овој случај и во печките на Филип кои развиваат галактички температури), секогаш може да биде искажан со некоја математичка, опиплива форма.

Но, мајсторството на формата не е основната цел на Фидановски. Напротив, адаптирањето на истата за да може да се искаже нејзиното внатрешно значење е неговата идеја водилка. Оттаму, основните квалитети на фотографијата како апсолутен показател на реалноста и сета нејзина моќ на верно репродуцирање, посебно кога станува збор за портретот, овдека го губат својот примат. Аплицирањето на нечие туѓо лице врз својата биста има исповедувачки модалитет во кој уметникот на делото му дава автобиографска димензија а која гледачот мора сам да ја протолкува.

Диалогот е основата на целата човечка култура. Разговорите, повеќе од било која друга особина, ја дефинираат и изразуваат нашата човечност. Меѓутоа, во виорот на хипер-социјалноста, дијалогот во современото општество добива познат, но, недефиниран, блуткав вкус. Луѓето денеска зборат како да се дел од телевизиски панел дискусии, лансирајќи ги своите мислења (превземени од сеприсутните телефони кои секогаш се во право; „ако не го има на Google - не е точно, ако не се објавило на Facebook - не се случило“) како bullet points на презентација, говорејќи со гласен, емпатичен тон.

katalog.indd 25 25. 11. 2019 01:09:04

Јасно е дека овие (негативни) промени во секојдневната интеракција помеѓу луѓето се резултат на модерното време и на темпото на секојдневието. Тоа темпо не само што не одвлекува некаде далеку од обалата туку и не спречува да направиме длабоки, емотивни, човечки поврзувања. Човекот денеска живее во еден нов, брз свет, во кој времето е највредната работа. Но, за Фидановски, комуникацијата, посебно комуникацијата и времето поминато со пријателите, е почетна точка од која тој ги изведува своите уметнички дела а воедно и го поставува идентитетот на сопствените скулптури.

Ако Фуко е во право и уметноста е мета-епистемична, таа е алегорија на длабински структури кои овозможуваат знаење. Во тој случај мора да се истакне дека делата на Фидановски се оптимистички. Стварноста (фотографските портрети на пријателите) можеби го губи приматот и значењето, но, во неговите дела тој ни ги прикажува своите мисли, чуства, идеи и врски со нему блиските луѓе и, пратејќи го Кандински[3],тој недопирливото, духовното го става во центарот.

3 Kandinski, Wassily, Concerning the Spiritual in Art, Dover Publications, New York, 1977.







„Да резимираме, Филип Фидановски преку [својата уметност] се залага за свет во кој ... нема место за (не)пријателите-издајници ... свет во кој средбите со блиските се церемонијален настан од прв ред, свет во кој креативноста дрско навлегува во секоја пора од уметноста на живеењето, свет во кој и индустријата е поканета на вечера со уметноста“[4]

4 Мартиноска, „Пресликување на душата“,Скопје, 2013, стр. 2







katalog.indd 31 25. 11. 2019 01:09:10

МИКИЦА, ИГОР, ВИКТОРИЈА, БЕРТА, СРЕТЕН,
ЈАСМИНА, АНАСТАСИЈА, ВЕСНА, ВАСИЛ,
ЗАХАРИНКА, ФАБИЈАН, ОЛГИЦА, СЛАВЕ,
КАЛИОПИ, ЈУЛИЈАНА, ТАЊА, БИЛЈАНА, БЕН,
ГОРДАНА, ДРАГАН, ДИВНА, САНДРА, ДРАШКО,
ТАЊА, ВЕРИЦА, СРЕБРА, ЛЕЈЛА, КАСИОПЕЈА,
ЕМИЛИЈА, ЈОВАНКА, ИВАНА, ОЛГА,
АЛЕКСАНДРА, ЈОСИФ, МАРТА







*Благодарност до сите кои дадоа свој придонес за реализацијата на проектот Трилогија, Ликови - луѓе:*

*Софија Семенпеева, Виктор Семенпеев, Тони Васиќ, Ана Мартиноска, Марија Ветероска и Партизанска штампа*

**ТРИЛОГИЈА, Ликови – луѓе**
**Автор: Филип Фидановски**
**АРТ ХУБ уметнички центар, Скопје**

**ЗА ИЗДАВАЧОТ**
**Филип Фидановски**
**Текст: проф. Д-р. Кирил Пенушлиски**
**Фотографија: Филип Фидановски, Боро Арсовски, Ицко Петрески**
**Дизајн: Драган Петревски**
**Печати: Ројал арт, Скопје**

**Тираж, 200**

katalog.indd 36 25. 11. 2019 01:09:12